***З А П И С Н И К***
***од 5-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 28.01.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Раководителот Игор Дамјановски и Катерина Бошевска.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Формирање на Иницијативен одбор за изградба на Храм Св.Кирил и Методиј Демир Хисар.
2. Донесување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2021 година.
3. Донесување на Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.
4. Предлози и прашања.

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советничката Сандра Пејковска предложи Дневниот ред да се дополни со две точки, за кои седничките материјали беа доставени пред седницата и тоа како точка 2. Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2021 година и 3. Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности. Други предлози немаше. Дневниот ред со 11 „за“ беше усвоен со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Формирање на Иницијативен одбор за изградба на Храм Св.Кирил и Методиј Демир Хисар***

Во врска со точката збор имаше Градоначалникот Никола Најдовски. Во своето излагање ги информира советниците дека работната група имаше состанок, се утврди дека треба да се контактира отец Серафим исто беше и поканет да учествува на седницава на Совет. Но отецот не е на подрачјето на општината па разговорот беше обавен телефонски, беше информиран дека Советот планира да формира иницијативен одбор и да ни даде насоки, бидејќи тој е поупатен во постапките. Од негова страна беше кажано дека Иницијативен одбор како што беше замислено не може да се формира без предходно да се средат административните работи, имотно правни работи, целата постапка да се спроведе да се добие одобрени за градба. Исто така дополни градоначалникот Никола Најдовски дека се контактирани и правници исто ми беше укажано дека формирање на иницијатитевн одбор за изградба на храм се коси со надлежностите на Советот, исто и отецот Серафим предложи да не се брза да се спроведе целата постапка како што треба. За да биде се легално сметам дека треба да се почитува неговото мислење. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде целта на сите ни е иста, образложението на отец Серафим како верско лице држи место. Советничката Ивана Кочовска предложи добро е да се оствари средба и со отец Тони тој е надлежен на оваа парохија и добро е да се извести. Градоначалникот Никола Најдовски додаде затоа да не се

брза, исто ќе се оствари и средба со Владиката Петар добро е да се направи се како што треба нема никој да е прескокнат, од отецот Серафим само побаравме насоки, бидејќи тој има искуство, тој самиот рече сите објекти кои се градени во манастирот се со одобрение за градба, и дека нема да се согласи да се гради храм во Демир Хисар без документи. Исто одлучивме работната група да се прошири таму да учествуваат сите советници, а иницијативниот одбор треба да се формира од страна на црквата, а не преку Советот што е и исправно, бидејќи во иднина може да ни се случи и други верски заедници да побараат да се формира некој тела за градење на други верски објекти. Тоа не е надлежност на Советот и на општината. Раководителот Игор Дамјановски додаде во работната група да се вклучени советниците и градоначалникот, а администрацијата ќе биде вклучена преку своите надлежности. Вие сте доволно и каде што сметате дека можеме да помогнеме ќе помогнеме. Советничката Сандра Пејковска истакна од правен аспект се формира работна група и тој е чекорот, потоа да се обави состанок да се дадат насоки како треба да се постапува, можат да се вклучат и други граѓани и да се отпочне постапката. Сите да се согласиме дека иницијативниот одбор треба да биде формиран од страна на отец Серафим и отец Тони преку црквата, бидејќи на верските објекти сопственик е МПЦ таа треба да биди и инвеститор. Претседавачот Љупчо Најдовски се согласи со предлогот на градоначалникот и отец Серафим, дефинитивно се почна со постапката се најде разбирање од сите советници и тоа е добар почеток. Советничката Александра Трајковска додаде, бидејќи сите советници се едногласни за идејата за изградба на храмот предложи надомест за советниците за месец Јануари да биде дониран за изградба на храмот, и така седницата беше свикана само за формирање на иницијативен одбор. Претседавачот Љупчо Најдовски го поздрави предлогот добар почеток за изградба на храмот. Сите советници го поздравија предлогот убав почеток. Предлогот беше ставен на гласање. За предлогот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2021 година***

За Одлуката за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше Раководителот Игор Дамјановски. Во своето излагање ги запозна советниците со овластување од градоначалникот е определен за информации од јавен карактер. Извештајот се изготвува и доставува до Советот, а Советот треба да го усвои најдоцна до 31 јануари наредната година. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности***

За Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности објаснување имаше Раководителот Игор Дамјановски. Процената за загрозеност на подрачјето на општината е донесена од предходен состав на Совет и таа е во сопственост на ЦУК, но Советот секоја година носи одлука за редовно ажурирање со која се овластуваат да извршат ажурирање на процената. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Предлози и прашања***

Градоначалникот Никола Најдовски предложи да се направи средба на советниците да се формираат комисиите, да се направи координација за буџетот, на повеќе наврати е иницирано да се направи средба на координаторите на советничките групи, да се разрешат дилемите. Има потреба од тие тела, имаше земјотрес нема комисија за проценка на штети неможи да се врши проценка, има поднесено барања за еднократна помош некој имаат потреба од средства за лекување ние постојано повторуваме нема формирано комисија, нема буџет. Ваквото однесување не е сериозно луѓе од кабинетот излегуваат со плачење за некој тие средства многу значат. Имавме среќа што е продолжен зимскиот распуст, некој од училиштата не можат да набават нафта за греење. Со една средба сите забелешки ќе бидат разгледани што е прифатливо ќе се прифати, сите сме отворени за соработка тоа се пари на граѓаните. Да ги оставиме настрана партиите и да гледаме да ја тераме работата на општината, не смееме да дозволиме да застани набавката за нафта. Иницијативата е моја тука се координаторите Сандра Пејковска од советничката група на ВМРО ДПМНЕ, Марина

Димитријовска од советничка група на СДСМ и Љупчо Најдовски од ЛДП. Потоа упати забелешка на начинот на кој беше свикана седницата. Постапката не беше коректна од ваша страна. Јас како градоначалник бев прескокнат, едната советничка група исто прескокната и незначи ако две советнички групи се состанат и има 6 советници се закажала седница на Совет. Ако има шест советници кои сакаат да има седница, а не сакаат да ме известат мене нека поднесат барање до архива и сите советници да се известат. Седница на Совет се закажува со евидентиран акт преку Деловодникот, со известување на сите 11 советници тоа е коректно. Да се закажи седницата како што треба, а не преку телефони со јавувања, контактите треба да бидат преку мене, а не дирекно да се јавувате кај вработените во општината. Додека нема избрано претседател, седниците ќе се свикуваат со писмено барање преку архивата на општината. Ние сме единствена општина без Буџет, еве Долнени во Советот има пет советнички групи и донесле буџет без проблем. Да ги оставиме настрана сите своите хирови и да почниме да работиме за тоа што сме избрани од граѓаните. Да не се доведеме во ситуација да треба да се објаснуваме зошто некое училиште останало без греење или во детската градинка паралелката остана без воспитувач и заврши договорот, ќе треба да ја затвориме паралелката. Најдете начин, ви стојам на располагање кога и да одлучите ќе седниме ќе ги испегламе работите и да донесиме буџет. Ќе ги разгледаме сите предлози, секоја забелешка е во ред, секој предлог што е во интерес на сите и во рамките на можностите е во ред. Еве имаше предлог за зголемување на средствата за подршка во програмата за спорт одличен предлог и за фудбалскиот клуб Демир Хисар јас сакам во прва лига да игра. Да се надминеме себеси затоа што одговорност носиме за 8000 луѓе.

Претседавачот Љупчо Најдовски додаде седниците ги закажуваат советниците, сите да си ги знаеме ингеренциите, ти даваш предлози до Советот, а ние ако сакаме ќе ги прифатиме, ако не нема да ги прифатиме. Имеме службеник кој ги изготвува седниците, ти не можиш да и кажиш да не ја спрема седницата, имаме мнозинство ќе закажиме седница советниците ќе ги известиме на самата седница. Тука завршувам со ова. Убаво кажа да соработуваме, Буџетот треба да го донесиме да разговараме да дискутираме да не бидиме кочничари. Пари нема многу, ќе неможи обврските да се сервисираат, за луксузирање, за нерационално трошење, нема да дадам подршка, ако најдиш разбирање со другава страна нека те подржат, јас за тоа нема да гласам. Да седниме да се договориме. Мило мие што сите застанавме за изградба на храмот, сите ќе дајме придонес, секој кој сака нека учествува, не е важно колку ќе брои членови иницијативниот одбор, нема тутули ова е верски објект, црквата нека ја води работата ќе помагаме. Убав беше предлогот на советничката за донирање на надоместокот на советниците и јас исто сакав да предложам, но Александра побрзо предложи. Заедно да соработуваме градоначалникот работи со администрацијата, советот ќе биде смерница, мандатот е пред нас да бидиме успешни ти како градоначалник ние како совет несебично ќе помагаме каде што можам јас ќе помагам, каде што можиш ти ќе имаш од нас подршка, кочничари нема да бидеме, но за луксузирање нема подршка. Градоначалникот Никола Најдовски упати забелешка оваа седница не беше свикана како што треба. За луксузирање, за нерационално трошење не станува збор јас ви реков ќе поднесам извештај за секој еден денар каде се потрошил, но дајте ми простор, се што нема да се искористи ќе биди пренаменето. Сите предлози што се издржани ќе бидат прифатени, да го донесиме Буџетот ако не сите ќе бидеме на тапет, на некој начин сите сме одговорни. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде ако правиш опструкции ќе собереме потписи и ќе закажиме седница. Тие предлози што ние ќе ги донесеме ти даваме можност да почниш со работа, ако треба некаде ќе се пренаменат средства со ребаланс. Градоначалникот Никола Најдовски рече вие предлагавте да се скратат средствата за договорни услуги, таму ми требаа во детската градинка поради ковидот има отворено паралелка во која се згрижени дечиња, лицето беше ангажирано преку општината му истече договорот. Нема средства да се ангажира лице, останува да се распушти паралелката, нема планирано средства за таа намена. Имаме среќа што во моментот е намален бројот на децата па се снаоѓаат некако и директорката води група инаку ќе имавме проблем. Претседавачот Љупчо Најдовски рече затоа треба да кажиш зошто ти требаат парите и да ни кажиш дали ќе вработиш други или ќе ја вработиш истата што беше, зависи од

предлогот ќе одлучам дали ќе дадам подршка. Советничката Сандра Пејковска додаде ние сме одговорни за тоа ќе треба да обезбедиме услови да можи да работи таа паралелка.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 193/5
24.02.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседавач,
Љупчо Најдовски с.р.